**20250561174**

## МИНИСТЕРСТВО ЗА ДИГИТАЛНА ТРАНСФОРМАЦИЈА

Врз основа на член 42 став (3) од Законот за електронско управување и електронски услуги („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 98/19, 244/19 и 3/25), министерот за дигитална трансформација, донесе

# ПРАВИЛНИК ЗА НАЧИНОТ НА ПОСТАПУВАЊЕ НА ПОСРЕДНИЦИТЕ КАКО И ОБРАЗЕЦОТ НА ДОГОВОРОТ ПОМЕЃУ ПОСРЕДНИКОТ И КОРИСНИКОТ НА ЕЛЕКТРОНСКАТА УСЛУГА

Член 1

Со овој правилник се пропишува начинот на постапување на посредниците, како и образецот на договорот помеѓу посредникот и корисникот на електронската услуга за обезбедување на административни услуги по електронски пат (во натамошниот текст: договор).

Член 2

Посредникот треба својата работа да ја организира и извршува на начин кој обезбедува непречено остварување на правата на корисниците на административни услуги по електронски пат (во натамошниот текст: електронски услуги) преку Една точка за услуги.

Член 3

Од страна на посредникот се вршат следните работи:

- им дава информации на корисниците во врска со електронските услуги;
- им дава информации на корисниците за условите за добивање на услугата;
- им помага на корисниците да поднесат барање за електронски услуги;
- им дава информации на корисниците за начинот на кој се води постапката преку Националниот портал за електронски услуги (во натамошниот текст: Порталот);
- во име и за сметка на корисниците пополнува и испраќа барања за електронски услуги обезбедени преку Порталот, согласно потпишаниот договор и
- други работи кои се од значење за обезбедување на услугите кои корисниците ги побаруваат преку Една точка за услуги.

Член 4

Договорот за односот помеѓу посредникот и корисникот е даден во Прилог, кој е составен дел на овој правилник.

Договорот се потпишува од страна на корисникот и посредникот непосредно пред обезбедување на конкретната електронска услуга преку Порталот.

Член 5

Посредникот ги пополнува полињата за лични податоци во договорот врз основа на документ за лична идентификација приложен на увид од страна на корисникот.

Пред потпишување на договорот, корисникот треба да ја провери точноста на пополнетите податоци во договорот.

Член 6

Со потпишувањето на договорот корисникот се согласува да дозволи користење и обработка на неговите лични податоци кои се неопходни за обезбедување на електронската услуга која ја побарува.

Член 7

Доколку договорот не се потпише од страна на корисникот, посредникот треба веднаш да го извести дека без да го потпише договорот нема да може да му се обезбеди електронската услуга која ја побарува преку Порталот и договорот се поништува.

Член 8

По потпишувањето на договорот посредникот постапува по договорот во присуство на корисникот на електронската услуга.

Посредникот постапува во име и за сметка на корисникот се до моментот на поднесување на барањето за електронска услуга.

По исклучок на ставот 1 на овој член, а доколку поради технички проблеми посредникот не е во можност веднаш да започне со реализирање на договорот, започнува веднаш штом се отстранат техничките проблеми.

Доколку поради технички проблеми посредникот не го комплетира и генерира барањето за електронска услуга пред истекот на сесијата, посредникот одново започнува со комплетирање на електронските обрасци во време кое ќе го определи корисникот.

Член 9

Доколку корисникот изврши плаќање на електронската услуга преку пос терминал, тогаш посредникот по извршената уплата, фискалната сметка ја прикачува кон договорот и од истата подготвува и дигитализиран примерок.

Доколку корисникот изврши плаќање на електронската услуга преку платен инструмент, тогаш посредникот по приемот на платниот инструмент на корисникот му дава испечатен примерок од нотификацијата од Порталот.

Член 10

Посредникот треба да го извести корисникот дека електронската услуга е генерирана, по што му обезбедува информации за начинот на кој ќе го добие актот со кој завршува постапката.

Член 11

Со денот на влегувањето во сила на овој правилник, престанува да важи Правилник за начинот на постапување на посредниците како и образецот на договорот помеѓу посредникот и корисникот на електронската услуга („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 244/19).

Член 12

Овој правилник влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Северна Македонија“.

Бр. 14-313/3
6 март 2025 година
Скопје

Министер за дигитална трансформација,
**Стефан Андоновски**, с.р.

**Прилог**

# ДОГОВОР

**помеѓу посредникот и корисникот на електронската услуга за обезбедување на административни услуги по електронски пат**

Склучен на ____________________ година во Една точка за услуги во ________________ помеѓу ____________________________________________________ од ________________________, со адреса на __________________________________ и МБ ____________________________________________, (во натамошен текст: корисникот) и __________________________________________________________________ вработен во __________________________________________________________________ во својство на посредник за административни услуги по електронски пат, (во понатамошниот текст: посредник).

**Член 1**

Предмет на овој договор е обезбедување на електронски услуги преку Националниот портал за електронски услуги кои посредникот врз основа на овој договор ги обезбедува во име и за сметка на корисникот, и тоа за услугата ________________________________________________________________, обезбедена од ____________________________________________ со користење на Националниот портал за електронски услуги преку посредникот од Една точка за услуги во ___________________________________.

**Член 2**

Со потпишувањето на овој договор корисникот се обврзува на посредникот да му ги обезбедени сите податоци неопходни за обезбедување на електронска услуга согласно закон и се согласува за користење и обработка на неговите лични податоци согласно закон.

**Член 3**

Посредникот се обврзува да ја испорачува услугата која корисникот ја побарува согласно Законот за електронско управување и електронски услуги и други закони кои се применуваат при обезбедувањето на услугата која корисникот ја побарува.

**Член 4**

(1) Со потпишувањето на овој договор корисникот се согласува неговите лични податоци да бидат собрани и обработени согласно Законот за заштита на лични податоци, а со цел на обезбедување на електронските услуги кои се предмет на овој договор.
(2) Посредникот се обврзува да ги чува во тајност.

**Член 5**

Со потпишувањето на овој договор, корисникот се согласува актот со кој завршува постапката определена во член 1 од овој договор да го прими:

- во електронска форма на следната електронска адреса: ________________________________________
- во хартиена форма на следната адреса: _____________________________________
- на шалтерот на Една точка за услуги, кај кој се склучува овој договор
- на шалтерот на Една точка за услуги во _____________________________________

**Член 6**

Корисникот одговора за точноста на податоците наведени во овој договор.

**Член 7**

Овој договор стапува на сила во моментот на неговото потпишување, а важи се до завршување на постапката на поднесувањето на барањето.

___________________________
___________________________ година.

**Посредник,** **Корисник,**

______________________________ ______________________________